**УЖ-2.бр.475/2020**

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД во совет составен од судиите Владанка Панчурова Сулејманова - претседател на советот, Дијана Димитрова и м-р Емрије Зубери - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужениот орган Државна комисија за жалби по јавни набавки, поднесена преку Државниот правобранител на Република Северна Македонија за подрачје Скопје и жалбата на заинтересираното лице Друштво за компјутерски услуги ИНТЕК СИСТЕМ ДОО Скопје изјавена преку полномошник Фани Михајловска, адвокат од Скопје, изјавени против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1803/2019 од 10.06.2020 година, за јавна набавка, на седницата одржана на ден 16.06.2021 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбите на тужениот орган Државна комисија за жалби по јавни набавки, поднесена преку Државниот правобранител на Република Северна Македонија за подрачје Скопје и на заинтересираното лице Друштво за компјутерски услуги ИНТЕК СИСТЕМ ДОО Скопје, изјавени против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1803/2019 од 10.06.2020 година, СЕ ОТФРЛААТ КАКО НЕДОЗВОЛЕНИ.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1803/2019 од 10.06.2020 година, ја уважил тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги СТЕРНА ДОО увоз-извоз Скопје и го поништил Решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.09-666/13 од 09.10.2019 година.

Против Пресудата на Управниот суд жалба изјави тужениот орган преку Државниот правобранител на Република Северна Македонија за подрачје Скопје поради повреда на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, пресудата да се поништи и решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.09-666/13 од 09.10.2019 година да се потврди.

Против Пресудата на Управниот суд жалба изјави и заинтересираното лице Друштво за компјутерски услуги ИНТЕК СИСТЕМ ДОО Скопје, преку полномошник, поради повреда на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и

погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, пресудата да се укине и тужбата на тужителот да се одбие како неоснована.

Вишиот управен суд проучувајќи ги жалбите во смисла на член 347 став 3 во врска со член 356 од Законот за парничната постапка најде:

Жалбите на тужениот орган Државна комисија за жалби по јавни набавки, поднесена преку Државниот правобранител на Република Северна Македонија за подрачје Скопје и на заинтересираното лице Друштво за компјутерски услуги ИНТЕК СИСТЕМ ДОО Скопје се недозволени.

Согласно член 14 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/2019), за прашања во постапката кои не се уредени со овој закон, соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

Согласно член 69 став 4 од истиот закон, жалбата не е дозволена против пресуда со која поединечниот управен акт е поништен или е прогласен за ништовен и предметот е вратен на повторно постапување на јавниот орган, како ни против пресуда со која судот му наложил на јавниот орган да го донесе поединечниот акт кој не бил донесен во утврдениот рок.

Согласно член 78 од истиот закон, второстепениот суд со решение ќе ја отфрли ненавремената, неуредната или недозволената жалба, ако тоа било пропуштено од Управниот суд.

Согласно член 347 став 3 од Законот за парнична постапка, жалбата е недозволена ако ја изјавило лице кое не е овластено за поднесување на жалбата или лице кое се одрекло или се откажало од жалбата или ако лицето кое ја изјавило жалбата нема правен интерес за поднесување на жалбата.

Согласно член 356 од истиот закон, ненавремена, нецелосна или недозволена жалба ќе отфрли второстепениот суд со решение, ако тоа не го сторил првостепениот суд (член 347).

Вишиот управен суд наоѓа дека во конкретниот случај жалбите на тужениот орган Државна комисија за жалби по јавни набавки, поднесена преку Државниот правобранител на Република Северна Македонија за подрачје Скопје и на заинтересираното лице Друштво за компјутерски услуги ИНТЕК СИСТЕМ ДОО Скопје се недозволени, со оглед да согласно цитираниот член 69 став 4 од Законот за управните спорови жалбата не е дозволена против пресуда со која поединечниот управен акт е поништен или е прогласен за ништовен и предметот е вратен на повторно постапување на јавниот орган. Во конкретниот случај

Управниот суд жалбата ја уважил и го поништил Решението на Државна комисија за жалби по јавни набавкибр.09-666/13 од 09.10.2019 година.

Од овие причини, Вишиот управен суд одлучи како во изреката на решението согласно член 347 став 3 и член 356 од Законот за парничната постапка, во врска со член 14 став 1 од Законот за управните спорови.

Решено во Виш управен суд на ден 16.6.2021 година под УЖ-2.бр.475/2020.

Записничар - судски соработник — Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија — Владанка Панчурова Сулејманова с.р.

/ИК

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник